РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

---

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ПРАВЕЊЕ И ЧУВАЊЕ НА СИГУРНОСНА КОПИЈА И ПОВТОРНО ВРАЌАЊЕ НА ЗАЧУВАНИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, јуни 2023 година

Врз основа на член 89 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2019, 256/2020, и 65/2021), ), одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 42/20 и 294/21) и член 22 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.122/20) Уставниот суд на Република Северна Македонија, донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ПРАВЕЊЕ И ЧУВАЊЕ НА СИГУРНОСНА КОПИЈА И ПОВТОРНО ВРАЌАЊЕ НА ЗАЧУВАНИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на правење и чување на сигурносна копија и повторно враќање во сигурносната копија на зачуваните податоци кои се обработуваат во Уставниот суд на Република Северна Македонија ( во понатамошниот текст: Судот) во својство на контролор.

## Член 2

Администраторот на информатичкиот систем (советник на Судот за ИТ) прави сигурносни копии на личните податоци на редовни временски интервали со цел да го намали ефектот во случај на нивно губење или оштетување.

## Член 3

Администраторот на информатичкиот систем (советник на Судот за ИТ) редовно ја проверува функционалноста на направените сигурносни копии на личните податоци за вршење на реконструкција на личните податоци.

Член 4

За правење на сигурносни копии на податоците Судот располага со електронска и комуникациска опрема, поточно со сервер на кој е инсталиран софтвер за бекап (back-up) податоци, при што постојано автоматски се меморираат внесените податоци.

Во случај на пад на информатичкиот систем или негово оштетување од каква било причина, се овозможува сите податоци да останат зачувани на бекап (back-up) сервер.

Член 5

Заради заштита од неовластен пристап до податоците на серверот на кој е инсталиран софтверот за бекап на податоци на кој се зачувуваат податоците, истиот е сместен во сервер салата, која е заштитена со сигурносна брава до која имаат пристап само овластени лица од Судот.

Член 6

Податоците се бекапираат периодично ( дневно, неделно, месечно) на бекап (back-up) серверот и истите таму се чуваат. Сите сервери се бекапираат како виртуелни машини. Во случај на пад на информатичкиот систем на Судот, се враќаат податоците кои претходно биле зачување на бекап (back-up) серверот.

Член 7

При повторно враќање на зачуваните лични податоци се врши евидентирање на одговорното лице кое е овластено за извршување на операциите за повторното враќање на податоците, датумот на враќањето на податоците, категориите на податоците кои се вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

Член 8

За враќањето на личните податоци се составува записник во кој се наведува лицето кое го врши враќањето, времето и категоријата на личните податоци.

Член 9

Овој правилник влегува во сила од денот на неговото донесување и истиот ќе биде објавен на веб страната на Судот.

Су.бр. 728/23
27 јуни 2023 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Уставниот суд на
Република Северна Македонија,
Добрила Кацарска